ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

1. Прашање:

Со последните измените на Законот за инспекциски надзор сите инспекторати се органи во состав на матичните министерства. Имено, инспекторатите го имаат изгубено својството на правно лице и неможе самостојно да истапуваат во правниот и платниот промет.

Оттука, прашуваме

1 Дали инспекторатите ќе продолжуваат да ги спроведуваат јавните набавки за 2025 година, и што со актуелните договори склучени во 2024 кои се во тек на реализација?

2. Дали инспекторатите треба да донесат Годишен План за 2025?

Одговор:

Субјектите (договорните органи) кои се предмет на Законот за јавните набавки, се предвидени со членот 9. Воедно, секој договорен орган врз основа на планираните извори за финансирање донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година.

Оттука, во однос на прашањата „дали ќе треба да се донесе Годишен план за 2025“ и „дали треба да ги спроведуваат јавните набавки за 2025 година“, истите зависат од правниот статус, односно дали инстекторатите (кои сега се во состав на надлежните Министерства) имаат својство на правно лице или не. Доколку, немаат својство на правно лице потребите за набавки во тековната година треба да се внесат во Годишните планови за набавки за 2025 на надлежното министерство кое ќе ги спроведува и постапките за јавни набавки. Но, доколку имаат својство на правно лице (и сопствен буџет), тогаш треба да донесат Годишен план за набавки за 2025 и да ги спроведуваат постапките согласно планот.

Во однос на прашањето „што да се прави со актуелните договори склучени во 2024 кои се во тек на реализација“, истото треба да се договори со надлежносто Министерство.

Сепак, и во однос на ова прашање од клучно значење е да се утврди правниот статус на инспекторатите, односно дали имаат својство на правно лице или не.

2. Прашање:

Дали започнатите постапки треба да ги евалуираме или одлучуваме по стариот Закон за јавни набавки или по новиот кој е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/25?

Одговор:

Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки кој е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/25, согласно член 21 влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Оттаму, сите набавки кои што се веќе објавени и започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат по законот по кој се објавени односно согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 .

ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

3. Прашање:

Кога станува збор за поедноставена отворена постапка доколку економскиот оператор нема доставено заедно со понудата ниту изјава за докажување способност ниту документи за докажување способност, дали може да се побараат во евалуација?

Доколку, во поедноставена отворена постапка економскиот оператор заедно со понудата доставил документи за докажување способност, но недостасува документот за докажување професионална способност -потврда за регистрирана дејност, дали може економскиот оператор да го достави дополнително. Ако може, дали датумот на документот треба да е пред отварањето на понудите или може и после отворањето?

Одговор:

1. Во однос на прашањето „доколку економскиот оператор нема доставено заедно со понудата ниту изјава за докажување способност ниту документи за докажување способност, дали може да се побараат во евалуација“, укажуваме дека кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став (3) од законот, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

При тоа, изјавата се однесува на сите документи со кои економскиот оператор го докажува исполнувањето на условите за квалитативен избор кои биле барани во тендерската документација.

Оттука, во случај кога економскиот оператор со понудата нема доставено ниту изјава за докажување на способноста ниту бараните документи преку кои ќе се утврди неговата способност, комисијата согласно член 109 став (6) од законот, како неприфатлива нема да ја евалуира.

2. Во однос на прашањето „дали документот за докажување професионална способност -потврда за регистрирана дејност може економскиот оператор да го достави дополнително , ако не го доставил заедно со понудата и ако може дали датумот на документот треба да е пред отварањето на понудите или може и после отворањето“, укажуваме на можноста која ја дава членот 109 став (2) од законот.

Имено, при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, согласно со член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Меѓутоа, со користење на бараните појаснувања или дополнувања комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор.

Оттука, доколку на економскиот оператор му недостасува само документот со кој се докажува способноста за вршење професионална дејност, комисијата за јавна набавка би можела да побара дополнување на документацијата.

Сепак со комисијата со бараното дополнување не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор.

ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

4. Прашање:

Во институцијтаа моментално нема управен одбор кој треба да го донесе Годишниот план за јавни набавки за 2025. Прашањето е дали може да се објави годишниот план во ЕСЈН кој е одобрен и потпишан од одговорното лице. Во изминатите години годишниот план се донесуваше од страна на Управниот одбор. Како да постапиме и доколку во иднина треба да се направи измена на истиот дали исто така треба да се донесе на управен одбор?

Одговор:

Врз основа на планираните извори за финансирање, согласно член 75 став (1) од законот, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Согласно со ставот (3) од наведениот член, по донесување на планот договорниот орган истиот го објавува во ЕСЈН до крајот на јануари од тековната година.

Воедно, законот не предвидува кој во рамки на договорниот орган треба да го донесе годишниот план за јавни набавки, бидејќи тоа зависи од природата на договорниот орган (орган на државна управа, единица на локална самоуправа, правно лице основано за специфична намена за задоволување на потребата од јавен интерес што не е од индустриски или комерцијален карактер, јавно претпријатие, акционерско друштво кое врши една или повеќе секторски дејности и др.), статутот и другите прописи што го регулираат неговото основање и работење. Сепак, од аспект на законот, важно е планот да го донесе лицето или органот на управување кој има овластување да носи вакви акти во согласност со прописите со кои се регулира основањето и работењето на договорниот орган.

Оттука, одговорот на прашањето дали можете да го објавите годишниот план во ЕСЈН одобрен и потпишан од одговорното лице на вашата институција, треба да го побарате во прописите и актите со кои се регулира вашето основање и работење.

5. Прашање:

1. Дали за избор на депонија за депонирање комунален отпад треба да се објави јавна набавка или таа набавка е изземена од Законот за јавни набавки?

2. Дали и на кој начин треба да се спроведе постапка за поштенски услуги имајќи предвид дека во годината исплаќаме околу 300.000 денари?

Одговор:

1. Во членот 23 од Законот за јавните набавки се утврдени општите исклучоци, односно случаи кога не се применуваат одредбите од Законот. Доколку ваквиот тип на набавка не претставува исклучок од примена на законот, потребно е да спроведете соодветна постапка согласно член 47 од законот.

2. Во однос на второто прашање, одредбите од законот, согласно член 23 став (1) точка 4 од законот, не се применуваат на услуги кои договорниот орган ги доделува на друг договорен орган или здружение на договорни органи, ако истите имаат ексклузивно право да ги обезбедуваат предметните услуги.

Согласно Законот за изменување на Законот за поштенските услуги, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 224/24), давателот на универзалната услуга (АД Пошта на Северна Македонија – Скопје), има ексклузивно право да обезбедува резервирани поштенски услуги за пратки со тежина до 50 гр. до денот на пристапување на РСМ во Европската Унија.

Во спротивно, доколку пратките се со тежина над 50 гр., договорниот орган не може да го примени исклучокот од член 23 став (1) точка 4 и треба да спроведе соодветна постапка.

6. Прашање:

Дали постапките кои треба да се повторат во тековната година, поради поништување на одредени делови од постапка која завршила во јануари, а е спроведена согласно Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, треба да се внесат во годинашниот планот за јавни набавки за 2025 година? За објавување на поништен дел како треба да се постапи?

Одговор:

Согласно член 78 став (1) од законот, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.

Кога договорниот орган го оформил предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на критериумите утврдени во тендерската документација, може за одреден дел да избере најповолна понуда, а за друг дел да ја поништи постапката ако се исполнети условите од член 114 став (1) од законот.

Имајќи во предвид горенаведеното, договорниот орган може повторно да спроведе постапка за јавна набавка за поништениот дел. Во новата одлука за јавна набавка за делот за кој претходно е поништена постапката, потребно е да се даде соодветно образложение. Исто така потребно е да се внесе проценетата вредност за поединечниот дел за кој ќе се спроведува нова постапка и согласно истата да се одбере соодветната постапка за јавна набавка.

Од другата страна, согласно со член 6 став 3 од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавк („Службен весник на РМ“ бр.64/19), постапките кои се повторуваат поради поништување на делови во претходна постапка не треба да се внесуваат во годишниот план за јавни набавки.

Напоменуваме, со цел да се овозможи задоволување на потребите кои биле планирани, а поради одредени исклучителни околности (поништена постапка/дел од постапка или целосно раскинат договор без реализација), не биле успешно завршени истата година, оставена е техничка можност на ЕСЈН договорниот орган да објави набавка од планот од претходната година заклучно до крајот на јануари. Доколку договорниот орган не ја објави поништената постапка/дел до крајот на јануари, потребата од конкретната набавка ќе треба да ја внесе во Годишниот план за 2025 година.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

7. Прашање:

Објавен е оглас за јавна набавка за услуги од приватна агенција за вработување. Како посебен услов за исполнување на способност за извршување на професионална дејност се бара:

- важечка лиценца минимум „Г“ за вршење на привремени вработувања согласно Законот за приватните агенции за вработување;

Додека, во техничката спецификација се бара лиценцата да е со времетраење до завршување на договорот односно до 31.12.2025 година.

Понудувачите заедно со понудите имаат доставено лиценца, но на неколку понудувачи лиценцата им е валидна но не е со времетрање до завршување на договорот.

По направените консултации, објаснето ни е дека не може пред време да ја продолжат лиценцата. Дали да бараме доказ со кој би се обврзале дека ќе ја обезбедат лиценцата која ќе биде со важност заклучно со времетраење на договорот?

Одговор:

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно со член 109 став (2) и (4) од законот, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Со бараните појаснувања или дополнувања не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки. Истовремено, со бараните појаснувања или дополнувања комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор.

Комисијата и при евалуација на техничката понудата, може да побара понудувачите да ја појаснат истата. Сепак, комисијата освен појаснување на техничката понуда, не смее да дозволи никакви промени на истата.

Во однос на Вашето конкретно прашање, Бирото е на мислење дека може да се побара изјава со која понудувачите ќе се обврзат дека ќе извадат нова лиценца со рок на важност до завршување на договорот или да се стави одредба дека договорот ќе стапи на сила по донесување на лиценцата со потребното времетраење, во спротивно склучениот договор ќе се раскине.

8. Прашање:

1. Во постапката за јавна набавка, учествува економскиот оператор кој користи услуги од ангажирано лице врз основа на потпишан договор за ангажирање на стручно лице. Бараме појаснување кои точно документи треба да се обезбедат од страна на економскиот оператор при ангажирање на стручно лице во јавната набавка.

2. Дополнително, како треба да се постапи доколку ангажираното лице не е државјанин на РСМ?

Одговор:

1. Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе сите барања, услови, критериуми и други неопходни информации, како и критериуми за утврдување на способност и документацијата што треба да ја поднесат понудувачите за да го докажат исполнувањето на истите.

Согласно со член 96 став (1) од законот, економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Дополнително, согласно со став (3) и (4) од горенаведениот член, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да достави валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси и дека ги исполнува потребните услови за квалитативен избор (во делот кој се однесува на поддршката која му ја дава на понудувачот), како и дека не постојат причини за негово исклучување.

Бирото е на мислење дека доколку економскиот оператор ангажира физичко лица и со него има склучено договор за деловно – техничка соработка од кој јасно произлегува дека истото ќе ги извршува работите за цело времетраење на договорот, тогаш истото може да има третман на ресурс на економскиот оператор, односно да не претставува субјект чија способност ја користи економскиот оператор. Во тој случај, за ангажираното физичко лице, договорниот орган не проверува дали ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување од постапката.

2. Во однос на вашето второ прашање „дали има разлика доколку ангажираното лице не е државјанин на РСМ “, Ве известуваме дека под терминот економски оператор согласно член 2 став (1) точка 6 од Законот за јавните набавки се подразбира секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи.

Според тоа, без оглед на тоа дали се работи за домашно или странско, физичко или правно лице, секој економски оператор има право да поднесе понуда, односно пријава за учество, да биде носител на набавката или подизведувач.

Напоменуваме дека ангажираното стручно лице потребно е да ги извршува работите/услугите за целото времетраење на договорот.

9. Прашање:

Доколку, во постапката за јавна набавка учествува економски оператор кој има договор за изнајмување т.е давање под закуп на одреден ресурс (во случај опрема за микрофилмување на документи) на одреден временски период, дали истото спаѓа во рамки на член 96 од законот, односно дали „договор за изнајмување т.е давање под закуп на одреден ресурс“, треба да се третира како користење на способност од друг субјект?

Одговор:

Законот за јавните набавки не дефинира што е договор за закуп, ниту неговата примена. Оттаму, Бирото е на мислење дека е важно по кој законски основ е склучен конретниот договор и на кој временски период.

Исто така, на мислење сме дека доколку е склучен договор за закуп (согласно ЗОО), и доколку договорот е склучен за користење на опремата на подолг период, што го отстранува сомнежот дека е склучен само за

конкретниот оглас, тогаш може да се смета дека опремата е ресурс на понудувачот, и во тој случај не се смета дека е поддршка и не е потребно да се доставуваат документи за субјектот кој е закуподавач.

ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

10. Прашање:

Договорниот орган спроведе постапка за набавка на услуги од мала вредност во која за најповолна понуда беше избрана понудата на странски економски оператор, односно економски оператор од Република Србија.

Бидејќи исплатата врз основа на издадена фактура треба да се изврши од буџетски средства, дали е можно да се изврши плаќање на странски економски оператор од буџетски средства наменети за инвестиционо и тековно одржување на објектите?

Одговор:

Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување согласно член 3 став (1) од законот, се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Со овој закон (како и со претходните законски решенија), националната преференца не е дозволена, и договорните органи при спроведување на постапките за јавни набавки се должни да ги почитуваат начелата на транспарентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација и рационално користење на јавните средства.

Воедно, согласно член 7 од законот, договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

Ова начело го обврзува договорниот орган да ги третира сите економски оператори подеднакво, без да обезбедува повластен третман на некои или дискриминаторски третман на други, односно неможе да го ограничува пристапот на пазарот на јавни набавки во земјава врз основа на земјата на регистрација на економските оператори. Сите економски оператори имаа еднакво право да учествуваат во постапките за јавни набавки, без оглед од каде доаѓаат.

Во однос на валутата или валутите во кои може да се изрази цената на понудата согласно член 105 став (7) од законот, договорниот орган во тендерската документација ја утврдува валутата или валутите во кои може да се изрази цената на понудата, како и валутата што ќе се користи за евалуација на понудите. Курсната листа што ќе се користи е онаа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние што важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

Од изнесеното произлегува дека во постапката за јавна набавка може да учествува странско физичко или правно лице, а цената на понудата треба да биде изразена во валута утврдена во тендерската документација.

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

11. Прашање:

Договорниот орган согласно член 91 став (1) од законот, може да утврди минимални услови за да потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска способност за извршување на договорот.

Во оваа смисла, договорниот орган може да побара економскиот оператор да има одреден минимален годишен приход, вклучувајќи и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка.

Оттука, дали минималниот годишен приход на економскиот оператор не треба да изнесува двојно повеќе од проценатa вредност на набавката поединечно во последните 3 (три) години или минималниот годишен приход на економскиот оператор за последните 3 (три) години, да не биде двојно повеќе од проценатa вредност?

Одговор:

Утврдувањето на способноста на економските оператори, договорниот орган ја врши со цел да биде сигурен дека ќе склучи договор со економски оператор кој е способен да го реализира договорот за јавна набавка. Така, договорниот орган може да ја провери, способноста на економските оператори во однос на усогласеноста со основните законски обврски, како и нивните финансиски ресурси, искуство, вештини и технички ресурси.

При тоа, договорниот орган задолжително ја утврдува способноста за вршење професионална дејност, а може да ги утврди економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност.

Сепак, треба да се има предвид дека во постапката за јавна набавка согласно член 89 став (3) од законот, ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност, односно на делот од предметот на набавка кај делливите набавки.

Договорниот орган може да утврди минимални услови за да потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска состојба за извршување на договорот. Целта на овој критериуми е да се утврди дека економскиот оператор е финансиски способен да го издржи договорот доколку бидат избрани за носители на набавката.

Договорниот орган согласно член 91 став (2) од законот, може да побара економскиот оператор:

да има одреден минимален годишен приход, вклучувајќи и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка;

да има одредена минимална вредност на показатели на работењето, кои, меѓу другото, ги искажуваат нивоата на стабилност, ликвидност и успешност, вклучувајќи и споредба со показателите на просекот на дејноста поврзана со предметот на јавна набавка и/или

да обезбеди соодветно ниво на осигурување од професионални ризици.

Согласно став (3) од наведениот член, договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката.

Во принцип, ова правило има за цел да избегне поставување прекумерни барања кои би го ограничиле учеството на мали и средни компании, а истовремено да осигури дека понудувачите имаат соодветни финансиски капацитети да го извршат договорот. Воедно, напоменуваме дека станува збор за услов за

утврдување на способноста кој е незадолжителен и кој се бара само кога е неопходно за да се увери договорниот орган дека економските оператори се способни финансиски да го издржат договорот. При тоа, поставените минимални услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност.

12.Прашање:
Дали договорниот орган може да бара како услов за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор да достави доказ дека е регистриран за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка согласно Одлуката за национална класификација на дејности.

Дали може да се бара доказ дека економскиот оператор е регистриран само за конкретната дејност која се однесува на предметот на набавка?

Одговор:

Согласно член 90 ставови (1) и (2) од Законот за јавните набавки, како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на економските оператори договорниот орган бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка.

Согласно горенаведените одредби, како и одредбите од материјалниот пропис со кој се уредува едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица, вообичаен прифатлив доказ за исполнување на условот за утврдување способност за вршење професионална дејност е Потврдата за регистрирана дејност (ДРД) со регистрирана "Општа клаузула за бизнис“ како назнака дека субјектот на упис во трговскиот регистар може да ги врши сите дејности според Националната класификација на дејности. Притоа, доколку за вршење на предметната дејност е пропишано исполнување на посебни услови, договорниот орган бара и соодветни докази издадени од надлежен орган.

Од друга страна, во случај на јавна набавка која е исклучително значајна, сложена и специфична, имајќи предвид дека согласно член 89 став (3) од Законот, договорниот орган во постапката за јавна набавка ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност, договорниот орган може да бара исполнување на минимални услови за потврдување на економската и финансиска состојба на понудувачот (вклучително и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка), и негова соодветна техничка и професионална способност.